## Прашања од акционерите

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието.

Банката може да даде еден збирен одговор на прашањата со иста содржина. Банката може да одговори директно на акционерот или да ги објави одговорите на поставените прашања на својата интернет страница во формат на прашање и одговор.

Прашањето акционерот го доставува до Секретаријатот на Управниот одбор на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје на адреса ул. Никола Кљусев број 1, Скопје или по електронски пат на е-маил: **sekretarijat@capitalbank.com.mk**.

Прашањето се доставува во писмена/скенирана форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер правно лице.

Заедно со доставеното прашање акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:

1. За акционер физичко лице се приложува:

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена
- Копија од важечка лична карта или пасош

2. За акционер правно лице се приложува:

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена
- Последна тековна состојба од Централниот Регистар во оригинал не постара од седум дена
- Копија од важечка лична карта или пасош на законскиот застапник

Прашањето заедно со документите за идентификација мора да биде примено во Капитал Банка АД Скопје.